Ако Министерството за земјоделство продолжи и во иднина само да овластува други правни лица за вакви чувствителни и сложени прашања тогаш се ќе си остане како и досега, па многу корист од овој закон и ќе нема.

Јас се согласувам да има овластени правни лица за спроведување на некои членови од овој закон во, речиси сите општини и региони во Републиката. Сите тие би требало компјутерски да бидат поврзани со централната служба за заштита на растенијата при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Така добро координирана служба ќе има видливи резултати во земјоделството. А тогаш ќе може да се даваат и благовремени мерки за заштита на нашето земјоделско производство.

Почитувани пратеници. Бидејќи за оваа служба се потребни средства од Буџетот, а и за реализација на програмата за заштита на растенијата се потребни средства затоа предлагам со овој закон да се допрецизира работата на службата, а програмата за работа на службата да ја носи Владата, по предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопаснтво. Со овој предлог ќе се поткрепи и последниот став од член 7.

Во член 8 став 2 стои: "Забрането е неовластено да се даваат или објавуваат податоци за појавата на новооткриената штеточина на растенијата во Република Македонија"

Нашите приватни земјоделци не знаат дали болеста или штетникот е нов па да ја сокријат неговата појава. Затоа треба да се има задолжителни служби или стручни лица во општините кои ќе им помагаат на нашите земјоделци со стручни совети.

Еве еден лош пример. Во општините има многу така наречени станици за унапредување на индивидуалното земјоделство уште од поранешниот систем. Нив никој не ги закача. Плата си земаат, а голем

дел од вработените се преселија во судовите за вешти лица, така да место да се на своите работни места со свои обврски, тие се многу почесто во судовите.

Предлагам во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство под итно да изврши реорганизација на тие служби. Вработени да се активираат и стручно да се дооспособат за да можат успешно да се вклопат во реализацијата на овие законски прописи што ќе се донесат од оваа област, а не и понатаму да се занимаваат со продажба на се и сешто. Нивната дејност не е и не може да биде трговија и судско вештачење.

IV/1 СЈ/ЛБ

**ИЛИЈА КАРОВ:(**продолжение)

Во тие станици или центри работат многу луѓе кои што земаат плата од Буџетот на Републиката, односно од земјоделците. Па, затоа ќе мора под итно да се трансформираат и да бидат во функција на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и на земјоделците.

По член 15 се предвидува машините, воздухопловите и уредите за примена на заштита на растенијата да мора пред пуштањето во промет да бидат атестирани, снабдени со сертификати и упатство за нивно користење од страна на овластени правни лица.

Во ставот 2 од член 15 стои дека производителот односно увозникот мора на свое барање и трошок да добие сертификат за атестирање. Предлагам, член 15 со предложената содржина да се брише бидејќи во нашата држава повеќе од 20 години земјоделците користат машини за користење на заштитните средства. И, навистина во ова време и со овој закон воопшто не би било во ред да се бара сега од земјоделците или од комбинатите тие сега при набавка на секоја машина или машината ако веќе ја имаат обезбедено да вршат нејзино атестирање, понатаму треба да изгубат многу повеќе време во носење до овластените правни лица, кои ќе бидат овластени од страна на Министерството за атестирање на овие машини.

Мислам дека ова не држи, би могло во овој член да се стави некоја друга содржина да атестирањето на машините за примена на заштитните средства да биде само за некој нов производ односно некоја нова машина. А, овие што се досега доволно познати на земјоделците односно во широката пракса мислам дека ова не треба да стои. Едноставно овој член 15 по мене треба да се доработи, допрецизира.

Во член 16 стои дека држателите на растенијата и правните лица кои употребуваат средства за заштита на растенијата се должни да се грижат тие средства при употребата да не дојдат до вода врз

одгледуваните растенија ин. Оваа формулација не е добра. Многу заштитни средства се користат во вода, така на пример оризот воглавно сербицидот одром се користи во вода. Неговата примена е исклучиво во вода. Ако понатаму остане овој член од законот сербицидите и инсектицидите кои се користат во оризот и каде што нивната примена исклучиво е во вода со овој закон кон тоа ќе се оневозможи и мислам дека тоа не држи, би требало да се доработи, да се допрецизира да не дојдат во контакт оние пестициди кои навистина вршат контаминација и кои нивната примена не е предвидена со упатството на овие заштитни средства, не е пред- видена примената во вода.

Во член 17 стои "складиштата, силосите и другите простории и објекти за сместување на растенијата со капацитет над 500 тона мора да имаат уреди за опрема за дезинфекција, дезинсекција и дератизација и да бидат опремени со опремата за спречување на појавата и за сотрување на штеточините на растенијата". Јас предлагам член 17 да се брише односно содржински да се промени. Прво, да се разграничи што се чува и за каква намена се чува во тие силоси. Јас ќе кажам еден пример, ако е меркантилна пченица или пченка, или јачмен за сточна храна, дали се работи сега, намирници за човечка исхрана или за сточна храна. Навистина не држи да ги обврзуваме оние кои што ги чуваат овие земјоделски производи, силоси со капацитет од 500 тона ,да вршат дезинфекција на земјоделските производи кои се наменети за сточна и за човечка исхрана. Мислам дека оваа формулација не држи. Исто така не држи и формулацијата секој од овие кои имаат капацитет 500 или повеќе од 500 тона, да мора сега да обезбедува и своја опрема за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на овој простор.

Мислам дека во членот понатаму е предвидено , во членот 17, дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе овласти прани лица кои ќе можат да вршат дезинсекција, дератизација на складипните простори. Мислам дека треба многу подетално овој член

17 да се доработи и во никој случај не можам да го прифатам член 17 да ние сега во ова време ги тераме оние кои се занимаваат со чување , кои имаат сопствени силоси, ја чуваат сточната односно добиточната храна или пченицата за човечка исхрана, сега да ги оптоваруваме со набавка на нова опрема кога веќе тоа може да се реши со едноставно склучување на договори со оние правни лица кои се веќе овластени за нивните потреби се разбира со одреден финансиски надоместок да можат да ја вршат заштита во нивните силоси и складишта.

На тој начин нема да бидат оптоварени со дополнителни издатоци околу дотирање на оваа прилично скапа опрема и навистина нема потреба во РМ сите силоси да ги оптовариме сега да имаат свој кадар, да имаат своја опрема итн. итн. Мислам дека не држи, доволно е и понатаму оние кои се регистрирани за оваа намена да бидат и понатаму регистрирани и да ја обавуваат оваа дејност.

Во членот 26 став 2 стои "ако МВР открие пратка од растително потекло или средство за заштита внесени во РМ надвор од определите гранични премини должни се пратката да ја предадат на најблискиот граничен премин". Со овој став не може да најде практична примена. Семињата и заштитните средства илегално се внесуваат во нашата држава, се продаваат на сите зелени пазари, на улица дури и шверверите ги продаваат овие производи и на приватните земјоделски аптеки низ целата држава. Ние не можеме да бараме само од полицијата да ги реши овие проблеми кога веќе има вработено голем број на земјоделски инспектори во општините и првенствено тие треба да ги откриваат и да ги решаваат тие проблеми, а се разбира во соработка со МВР.

Пратките од семе или заштитни средства не треба да се враќаат на граничниот премин, но тие треба да се запленат и уништат.

Со посебен член треба да се допрецизира и забрани внесувањето на семе и заштитни средства од другите држави од страна на физички лица. Сега како никогаш досега во државата илегално се внесува и се продава семејни пестициди со сомнителен квалитет или пак се продаваат препарати кои воопшто не се регистрирани за примена и пуштање во промет. За оваа појава секако голема заслуга имаат и поодделни царински работници кои на еден или друг начин го дозволуваат внесувањето на пестициди во државата.

Во член 39 последниот став 5 стои: граѓани не можат да вршат промет на средства за заштита на растенијата. Овој став треба подетално да се разработи односно да се допрецизира. Во член 42 став 1 се предвидува добивање на постојана дозвола за промет на средства за заштита да се издаде врз основа на физички, хемиски,биолошки испитувања извршени од две правни лица. Предлагам овој член 42 став 1 да стои испитувањата да се извршат од едно правно лице. Направените трошоци за добивање постојана дозвола за промет на средства за заштита на растенијата и досега изнесуваше од 10 до 12 иљјади марки за еден препарат само да биде регистриран во Републиката. Ако сега ние наместо до сега едно правно лице дали е тоа факултетот или некој од институтите ја обавуваше оваа работа со овластување на Министерството за земјоделие се издвојуваат 10 до 12 иљјади марки. Сега , со ова ако ние ги задолжиме за овие испитувања мора да се вршат кај најмалку две правни лица, на- вистина средствата секој увозник за да го регистрира секој препарат, еден производ треба двојно да ги зголеми односно 20 до 24 иљјади марки. Што е тоа? Тоа ќе го платат оние што го увезуваат и што бараат да се регистрираат овие заштитни средства и на крај самиот увозник ќе ги вгради во цената на чинење , односно во продажната цена и на крај се оптоварени нашите земјоделци кои мораат да плаќаат навистина повисока цена за заштитните средства.

Мислам дека оваа постапка треба да се упрости и понатаму да остане само за регистрација како доволно едно правно лице.

Во член 55 стои (правни и физички лица плаќаат надоместок кој се состои од девет точки). Предлагам точката 6 за издавање сертификат за уредите и апаратите за употреба на апаратите за заштита да се брише, бидејќи за тоа беше елаболирано во мојот коментар по член 15 став 1 и 2. (реакција на некои од пратениците од салата). Нешто тешко в паѓа колега.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

На крајот ќе се задржам за казнените одредби. Со членот 60 став 1 е предвидена парична казна од 200 до 300 илјади денари за прекршоци направени од член 7 и членот 40, а се испуштени казнените одредби за многу значајниот член 4 став 3. Затоа предлагам да се предвиди и парична казна од 300 илјади денари за неизвршување на мерките од здравствена заштита на растенијата кога штеточините на растенијата ќе се појават за прв пат и ненамножена форма.

Овој член и досега беше безброј пати прекршуцам од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое не преземаше мерки за здравствена заштита на шумите при намножена појава на инсекти кои значително оштетија над 20 илјади хектари борова и букова шума.

Предлагам да се брише и точката 6 од член 60 бидејќи таа материја е регулирана во членот 19 а се работи за поседување опрема и уреди за дезинфекција и дератизација во складиштата, силосите и другите простории за чување на земјоделски производи .

И на крајот почитувани пратеници намерно или случајно во образложението на овој закон е изоставено и финансирањето. Предлагам финансирањето да биде образложено, бидејќи со донесувањето на овој закон се создаваат нови финансиски обврски за

Републиката заради потребата од зголемување на бројот на лицата за реализација н програмата за заштита како и за формирањето на новата служба за заштита на растенијата.

Ова беа моите глобални укажувања, а се разбира, јас предлагам овој закон да биде донесен во две фази и веројатно во амандманската расправа, оние детали кои мислиме дека се неопходни да бидат вградени во овој закон, ќе бидат дополнително елаборирани.

Благодарам за трпението и вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Наполно се согласувам и го поддржувам донесувањето на предлогот за заштита на растенијата од болести, штетници и плевели . Мислам дека овој предлог за донесување на закон ги исполнува сите услови и созреаност е целосна на причините за донесувањето бидејќи е од извонредно големо значење за земјоделието. И, тоа, од областа на заштита на земјоделието.

Накратко некои мои објаснувања во однос на некои решенија само едно надоврзување на претходниот дискутант, колегата Каров, кој што така стручно и аргументирано ги објасни некои свои видувања во еден дел, а тоа е членот 5 кој што е фактични многу битен за овластувањата на Министерството за пренесување на надлежностите за правните лица кои ќе вршат заштита на растенијата.

Мислам дека е добро предлагачот да го разгледа предлогот што господинот Каров го истакна, а на кој се придружувам и јас да наместо непосредното овластување на министерот со правните лица овластени за вршење на заштита на растенијата, тоа овластување да оди преку министерството односно преку стручна служба при Министерството која

што ќе биде така да речам некоја или некој стручен сервис од министерот, тоа стручно тело односно стручна служба па до правните лица кои ле бидат овластени за вршење на заштита на растенијата.

Она што посебно сакам да го истакнам, тој е дел на овој закон кој се однесува на прашањата за производство и промет и заштита на растенијата и морам најпрво да ја коментирам една состојба во оваа област која што во земјоделски општини како што е Кавадарци, каде што ги застапувам интересите на граѓаните е многу присутна, а тоа е дека средствата како трошок на земјоделците се многу висок значителен намет на земјоделците во вкупните трошоци на земјоделското производство. Објаснувањето е дека цената на заштитните средства е превисока заради тоа што на пазарот постои монопол во овластените правни лица кои што вршат промет со заштитни средства.

Наполно се согласувам со тоа да ете Републиката и надлежното министерство прогласува општ интерес во оваа област, тоа е неспорна работа. Навистина тоа е јавен интерес во делот на земјоделието во областа на заштитни средства. Но, сугерирам коментирајќи ја напред искажаната состојба во праксата оваа грижа, оваа неоспорна потреба за државни ингеренции во областа на земјоделието конкретно во заштита на растенијата, во делот на прометот на заштитните средства преку овластувања само на одреден број, многу мал број на правни лица да вршат таков промет со заштитни средства се создава еден монопол на пазарот кој што верувајте многу е оптоварува земјоделците и им претставува многу висок намет во вкупните трошоци на земјоделското производство.

Значи, поддржувајќи ја оправданоста за неминовни ингеренции претполагам тоа државно овластување да се прошири со уште едно овластување на надлежното министерство да не создаде преку таквите свои ингеренции монополска положба на пазарот за заштитни средства.

IV/8

Како што ќе забележите во законот има силни овластувања во делот и во производството и во прометот на издавање на дозволи, привремени, повремени, стални, универзални, што значи и производството и прометот апсолутно се врзуваат со одредени согласности или дозволи од Министерството.

Предлагам, информиран сум, имам сознание, дека во високите развиени земјоделски држави каде што е земјоделието на висок степен на развој, секаде се врши субвенционирање односно авансирано поддржување од страна на надлежните државни органи на земјоделието.

Предлагам во критериумите на издавање на тие дозволи во било каков карактер да се врзува со конкурентноста на барателот на правното лице да учествува во авансирањето на земјоделското производство. Со тоа посебно преку ова овластување државата фактички ќе овозможи и непосредно помагање така да речам неопходно во овој момент во каква состојба се наоѓа земјоделието во нашата Република да го врзува, го условува во критериумите за издавање на дозвола оној што би бил учесник со дозвола до Министерството за да врши промет, тоа да го условува, еден од критериумите да биде да овозможува на земјоделците авансирање односно наплата по реализација на земјоделското производство.

Мислам дека тоа е економски и оправдано и неопходно во делот на придонесувањето и помагање непосредно за земјоделието.

Во делот на исполнетоста на условите и тоа ќе го кажам, во делот на исполнетоста на условите за вршење на производство со заштитни средства каде што спаѓа и препакувањето, така се објаснети термините во самиот предлог за донесување на закон. Мислам дека правните лица при регистрирањето и овластувањето за вршење на производство во чии рамки спаѓа и препакувањето треба да покрај уписот на судскиот

регистар што е формално правна постапка и категорија, бидејќи се работи за заштитни средства, а искуство има од Кавадарци мислам дека обврзен услов покрај уписот во судскиот регистар треба да биде и исполнетост, целосна исполнетост во условите за заштита на човековата околина за овозможување и вршење на производство во чии рамки спаѓа и препакувањето на заштитни средства.

Уште еднаш давам целосна поддршка на предлогот за донесување на законот за заштитни средства.

Благодарам.

V/1 ЛП/СЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Талимџиоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, пред нас е Предлогот за донесување на закон за заштита на растенијата од болести, штетници и плевел. Тоа е навистина еден сериозен закон, кој што е далеку посериозен од она што пред нас пред малку постоеше ТАТ или некој други банки. Ако се земе предвид дека индустријата за пестициди, а тоа посебно го спомнувам затоа што овој закон посебно го истакнува тој дел на хемијата, досега има произведено околу 1000 активни материи од кои 80 илјади пестициди кои се секако наменети за заштита на растенијата од болести и штетници. Ако болестите и штетниците нанесуваат огромни штети на нашето производство и од сето она што човештвото го вложува за добивање на високи приноси и квалитет, само од законските норми и прописи, само од неправилното изведување на хемиските средства или таканаречени препарати, односно пестициди се намалуваат приносите помалку или повеќе за 30%. Замислете,ако една Македонија со површини вакви како што ги имаме денес, добро одгледувани со правилен распоред на сите култури, тоа значи дека ние ќе имаме доволно храна без да мислиме да купуваме и снабдуваме од страна. Бидејќи делот на хемијата е позастапен од она што значат други мерки како агротехнички мерки, бидејќи во Законот гледам многу малку агротехника, а ние знаеме дека ако агротехниката е веќе и озаконета во овој закон, ќе биде нешто друго, бидејќи и ние и светот сакаме чиста и здрава храна. Тука е она што честопати го зборувам за заштита на животната средина. Но, било како

да е, почнувајќи од Втората светска војна со појавата на ДДТ, средствата на база ХЦХ, органско фосфорните соединенија и други, направивме помалку и заштита, да го заштитиме нашето производство, а со тоа да овозможиме поголеми приноси и квалитет, додека од друга страна сами себе да се уништуваме. Токму затоа се донесени повеќе законски прописи и нормативи кои налагаат да ги проучиме тие средства, да знаеме кога, како и кој треба дати -произведува за да можеме да се одбраниме и да добиеме високи приноси и квалитет.

Јас не сакам пошироко да зборувам за оваа материја, бидејќи таа и онака како закон ценам дека е квалитетно изнесена. Досега имаме доста законски проекти, почнувајќи од службените весници на СРМ од 1977, 1978 и 1990 година, кога се донесувани вакви законски проекти и подоцна или службените листови од 1965 година, посебно за заштита на растенијата од болести и штетници, како и производство и промет на средства за заштита на растенијата. Јас ценев дека предлагачот на овој закон, за да се изложи подобро оваа материја и за поголема прегледност ќе даде прво за донесување на закон за заштита на растенијата од болести, штетници и плевели и Петтото поглавје - Производство и промет на средства за заштита на растенијата. Ценев дека , ако овие области беа во посебни законски прописи, а во повеќе земји во светот, така е спроведено, ќе можеше да ги користат и овие , бидејќи се за нив во производството и прометот на средствата за заштита на растенијата, а другиот дел е делот на агрономијата. Реков, не би сакал многу да навлегувам во нештата, меѓутоа, ќе се задржам само на некои технички недостатоци.

Тешко е сега да се продре,овој закон да се разработи во длабочина бидејќи колегата Илија Каров подробно го искажа сето она што постои, па така ќе се обидам да го опфатам само она што тој го отфрли нарочно или ненарочно.

И во глава II "Спречување на појавата и сотрување на штеточините на растенијата", ценам дека во македонскиот јазик зборот "сотрување" многу малку го употребуваме, мислам дека надлежните ќе најдат место•и вистинска замена за овој збор - спречување на појавата на штеточините на растенијата, спречување и уништување, бидејќи тоа сотрување чинам дека е малку туѓо.

Кога станува збор за натамошниот текст во дел од излагањето во една точка стои дека е потребно да се има стручни лица кои треба да бидат агрономи, шумари итн., за да се спуштиме до крај на едни обични обучени работници. Фала богу пред нас беа и законите за образование, па тука нема така да се расплинуваме дека ќе ги обучуваме на некој начин, но тука има и средністи и квалификувани работници, токму школувани за таа цел, и ценам дека треба да си го најдат своето место.

Кога се зборува за мерките за заштита на растенијата од болести, штетници и плевел, секогаш се остава простор за мерки за заштита на растенијата. Од што? Се разбира од болести, штетници и плевели. Веројатно дека тука растенијата можат да бидат нападнати и од други. Тука е човекот како фактор, она што г-динот Каров го рече, и тој е еден , ако може така да се рече од штетниците.

Кога се зборува за расчленување што се тоа растенија, растителни производи, во точката 3 - штеточини на растенијата, подобро би било ако таа формулација би гласела "заштита на растенија од болести, штетници и плевели" за да може понатаму под а) да стои:

"растителни болести" кои се тие растителни болести,"растителни штетници", бидејќи веќе е акцентирано како растителни штетници, плевели карантински растителни болести и штетници и економските штети и да не ги набројувам понатаму сите кои веќе се спомнуваат.

Целосно на законот имам една забелешка токму на овој денешен дел како Предлог за донесување на закон што на секој член од вкупно 74 членови веќе се оптоварува или се задолжува Министерството, а за мене министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, за донесување на подзаконски акти. Ценам дека овде треба и можело да се избегне тоа, зашто со донесување на нов член секако дека ќе влезел во составот на овој закон и ќе немаше потреба од донесување на подзаконски акти. Се разбира, тука е кога се спроведуваат мерките за заштита на растенијата, односно, кога се спроведуваат методите за заштита на растенијата, тогаш имаме било од производителот, мислам на фабрикантот, било како претпазливи мерки за заштита на растенијата од страна на самите изведувачи, тука се наброени 10 или 15, што ќе овозможат и правилно насочување, како, во кое време и каква заштита на човештвото.

Друга страна е што во Законот малку сме свртени на заштитата на човекот. Заштитувајќи го растението, го заштитуваме и човекот, а заштитувајќи го човекот го заштитуваме секако и растението.

Ценам дека зборот држатели на растенија", тука има агрономи, во нашата практика многу малку го употребуваме. Можеби имаме и друг збор, одгледувачи на културните растенија, па нека биде и одгледувачи на дивите растенија. Ако биде тоа, јас знам дека министерот ќе рече дека тука се и оние кои се занимаваат со продажба на растенија, а тоа е во

цвеќарството, дека и тие можат покрај тоа што ги одгледуваат и да ги имаат. Но повеќето од нив се продавачи, отколку што се држачи. Самиот збор држачи , ценам дека може да се отстрани.

Членовите од 60 до 65, каде се законските одредби, овде има еден пропуст, можеби нарочно направен, можеби се сака во натамошниот текст да се внесе. Треба да се определи висината на паричните казни со кои ќе се казнат одговорните лица. Во членот 67 се спомнува парична казна од 20 до 50 денари за прекршок на граѓанско лице ако внесе од странство средство за заштита на растенијата - не ми беше зборот за тоа, зборот ми беше за поимот "граѓанско лице". Чинам дека е подобро да стои физичко лице. Мислам дека би требало да се прифати, но тоа ќе биде со амандманите.

Велам, вложен е труд, искористени се сите досегашни законски прописи и закони, искористено е сето она што е дадено за заштита на растенијата, меѓутоа, со нашите укажувања, кои ценам дека се добри и со натамошните амандмани што ќе следат на овој закон, ценам дека ќе изготвиме еден добар закон и јас го прифаќам и му давам виза за натамошна работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, колку македонскиот аграр е интересен за нашите пратеници покажува салата, празна. А денес расправаме за донесување на еден закон кој има посебно значење и во производството на храна и за човековата околина.

Во целина го поддржувам Предлогот за донесување на овој закон за заштита на растенијата од болести, штетници и плевели. Со него мислам дека ќе биде направен каков - таков ред во оваа значајна операција во производството на храната и ќе бидат елиминирани сите пропусти што досега се правеа на овој план, а нив, како што рече колегата Каров, ги има многу во нашата пракса. Тие сериозно го загрозуваат производството на храна. Старите земјоделци за улогата на плодоредот во земјоделското производство велат дека со сеидба на жито по жито нема бериќетна жетва, ниту да се жнее, ниту да се вее. Сега по ова старо правило за плодоредот нема жетва и род и без добра заштита на растенијата од болести, плевели и штетници ни кај житото, ни во градинарството, ни во овоштарството, ни во лозарството, па ни во сите други производни гранки.

Во нашата држава , како што е познато, производството на храна се одвива на околу 630.ОООха обработлива површина. Од нив околу 150.000 ха е државна земја, со која располагаат задругите и комбинатите, а другите површини се на приватните земјоделци. Состојбите со заштитата на растенијата од болести, штетници и плевели, мора да се признае дека не ни се добри, посебно во производството на житните и други култури, од кои грото се сеат на приватните ораници. На овој план, освен во комбинатите и задругите, каде што се спроведува организирана заштита на растенијата, во приватниот сектор состојбите со заштитата на растенијата можеме слободно да кажеме дека се загрижувачки. А кај нив се наоѓаат повеќе од две третини од вкупно обработливите површини во нашава држава. Недоволната или неправилна заштита на растенијата во овој сектор, секоја година граба огромни количества на храна, а ние сме сиромаси и доволно ги немаме. Нема да претерам ако кажам дека во некои средини се губи и една третина од производството на храна од плевелите, штетниците и

болестите на растенијата. Впрочем, за тоа зборуваше и колегата Талимџиоски. Овие штети во овие тешки времиња за државата не се мали и токму затоа прашањето за заштитата на растенијата од болести, штетници и плевели мора да биде грижа,покрај на земјоделците, и на нашава држава. Впрочем, со прогласувањето на растенијата за. добра од општ интерес за Републиката, нејзината грижа, по донесувањето на овој закон, сигурно ќе биде поинаква со онаа што беше досега, која мораме да признаеме не беше на висина.

Причините за слабата примена на заштитата на растенијата од болести, штетници и плевели во приватниот сектор - јас ќе зборувам за него - лежат на повеќе страни. Меѓу нив најзначајни се скапите средства за заштита, недоволната верба во нивната ефикасност што се почесто се губи заради многу пропусти што се поврзани со увоз на средства со сомнителен квалитет. Тоа го велиме сомнителни, бидејќи кога се увезуваат лекови со поминати рокови, зошто да не се увезуваат и пестициди со поминати рокови. На крајот, тука е и слабата заштита на растенијата кај селаните поради недоволната општа наобразба на селаните за оваа агрооперација. Ние имаме доста таканаречени селски агрономи, односно, стручњаци што работат во центрите за унапредување на приватното земјоделство. Тие треба да работат со земјоделците на овие проблеми. Но во последно време нив се помалку ги има во селата. Велат дека без пари не можат да ги остваруваат своите програми што се насочени на оваа релација. Значи , сакам да кажам дека со ваква заштита на растенијата во приватниот сектор, како што беше досега, прашање е дали некогаш од домашните ораници ќе имаме доволно храна за потребите на нашава мала држава.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение )

Новиот закон за заштита на растенијата може да ги менува состојбите само за средствата за заштита на растенијата, се воведат регреси. Инаку, со нивните сегашни цени и цените на земјоделските производи што се ниски и нерентабилни, работите со заштитата и натаму ќе му бидат такви какви што се односно за никаде. Без неа и слабата примена на квалитетно семе и штедење ќај другите агротехнички средства секогаш ќе не боли главата за домашен леб.

Реков дека средствата за заштита на растенијата се скапи и недостапни за земјоделците во услови кога нивното производство се купува по ниски цени, а се исплаќа со месеци или со години. Тоа го реков и кога се носеше законот за царините. Тогаш, како што знаете заради овие состојби царинските давачки за средствата што се употребуваат за заштита на растенијата од болести и штетници беа намалени дури за 50%. Меѓутоа, од ова намалување на царините земјоделците не видоа големо фајде. Изгледа дека намалувањето на царините им годи само на трговците што ги увезуваат тие средства.

Во земјоделските аптеки не се гледа намалување на овие средства. Тие се знатно повисоки од минатата година. Тогаш се прашувам, за кого ние ги намаливме царините за увоз на средства за заштита на растенијата од болести и штетници.

Инаку кога на дневен ред се прашања за аграрот повторно да ја потсетам Владата односно нејзините министерства за воведување на премиите за пченица, сончоглед, шеќерна репа и тутун. Без нив, господа, како што реков не се може, не одиме многу далеку со овие производи. Нив ќе ги немаме во блиска иднина.

VI/2

Неодамна министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ценетиот Кирил Докузовски зборуваше дека, заради тоа што селските имоти банките не ги признаваат за хипотеки, за добивање на соодветни кредити што ги имаме добиено како држава и тие седат во банките, ќе биде формиран фонд од ризици. Мислам таа идеа е добра и ги сакам што порано да се реализира. Меѓутоа, би сакал во името на битолските земјоделци би сакал во името на битолските земјоделци овој министер да размисли и за формирање на фонд за храна што се помалку ја имаме, со што сигурно ќе се елиминираат сегашните состојби околу исплатата на премијата, која како што знаете е укината по барање на селската банка.

Што се однесува до Законот за заштита на растенијата од болести и штетници мислам дека е добар и нуди добри решенија за заштита на растенијата.

Добро е тоа што со овој закон растенијата, како што реков се прогласуваат аз добро од општ интерес на државата и тие сигурно од сега ќе уживаат некој посебен имунитет од државата.

Инаку, во член 4 од предложениот закон во кој станува збор за уништување на штетниците на растенијата, се вели дека при прва појава на штетниците трошоците за нивно уништување подеднакво ќе ги сносат државата и земјоделците од 50%.

Предлагам овие трошоци да паднат на товар на државата. Државата се разбира мора преку ресорното министерство да ја организира и реализира заштитата на тие штетници. Еве зошто:

Во битолско, во селата Живојно, Доброверни, Бач, Брод, Сливец и Гермиан, што сега му припаѓаат на најмалата наша општина, општината Бач, штетникот "житна оса" пет години со ред ги пустоши нивите со пченица и јачмен. Пет години селаните од овие села ни семето што го сеат не можат да го ожнеат благодарение на овој штетник.

VI/3

На два министри десет пати ова прашање го поставивме меѓутоа решение не се најде. Селаните без државна помош не можат да го сузбијат овој штетник. Што Влада ако еден земјоделец има можност да го заштити посевот, кога комшијата не може да го стори тоа и штетникот продолжува да го уништува родот. Овој штетник од подрачјето на општината Бач за жал сега почна да се сели во полето. Ако се уништи во бачкото подрачје на околу 1000 хектари трошоците ќе ги нема државата за заштита на десетина илјади хектари во полето. Овде во полето се сеат повеќе од 20 илјади хектари со житородни култури. Кога тогаш ако не се преземат мерки за сузбивање на овој штетник овој штетник ќе направи пустош и во другите региони на Пелагонија.

Втората забелешка по овој закон се однесува на член 46 став 2. Во него меѓу другото се вели: "ако во текот на применувањето на опредлеено средство за заштита се утврди дека тоа не е доволно ефикасно за намените утврдени во дозволата за пуштање во промет, или дека не одговара на други услови од дозволата, министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство донесува решение за ограничување на применувањето на тоа средство. Јас сега би прашал што потоа? Земјоделецот го примени тоа средство вложи пари но остана без заштита и без род, бидејќи тоа средство не чини, заштитата не се спроведе, штетникот си заврши работа. Кој ќе ја плати сега штетата на земјоделецот,или ќе биде како и досега, јал не јал три ипол. За вакви малверзации со средствата за заштита на растенијата од болести и штетници и оние што ги продаваат тие средства да сносат одредени консеквенции, односно малверзациите да ги плаќаат со надоместоци на штетите. Мислам дека овој став може да се вгради во главата, со која се регулирани надоместоците за трошоци.

Пак ќе повторам понуден ни е добар закон, закон по терковите на современото европско земјоделство и јас го прифаќам неговото донесување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот Кирил Докузовски.

**КИРИЛ ДОКУЗОВСКИ:**

Нема да ве многу вознемирувам со долга дискусија. Благодарам на дискусиите и укажувањата што ги дадовте. Меѓутоа сметам да укажам на некои работи за да не се случи повторно во наредна фаза да разговараме за истите прашања.

Прво, Законот не е многу сложен, како што кажавте. Станува збор за едноставен закон. Сложена е неговата примена сега во праксата, поготово во овој петгодишен период кога немавме нов закон, а не го применувавме ни стариот закон.

Од тоа што се случуваше на пазарот ние сме оптоварени и сега заговараме дека законот не чини.

Овој закон во основа е сообразување со Европската конвенција и прилагодување на нашите услови спрема неа.

Дел од дискусиите одеа во тој правец да оди законот, меѓутоа честопати се оптоварени со сегашноста и кога сакаат да вклопат некоја наша форма, тогаш не им одговара тој закон. Законот ќе оди во последна фаза, консеквентно до крај, стога примена на Европската конвенција и нормите во светот. Кој ќе може да се вклопи во тие норми ќе биде на пазарот присутен. Сега не е монопол во Македонија, веднаш да кажам. Имаме најмалку 18 компании. Монопол е во светот компаниите што произведуваат супстанци кои што ги користат нашите претпријатија и тој монопол предизвикува застапништва и слично. Напротив, немаме монопол туку имаме неред на пазарот кој што го прават тие фирми што се регистрирани. Во Македонија до ден денес има 280 препарати влезено. За мене се многу затоа што ние немаме опрема која ќе ги

уништи тие препарати. Оттаму залагањето за строги норми ќе бидат и во наредна теза на законот. Кој може да се вклопи ќе се вклопи, кој не ќе ја напушти таа бранша, бидејќи е интересна. Ги знаете на памет фирмите кои во Македонија се занимаваат со таа дејност.

Второ, јас сакам да има служба. Сите закони одат кон тоа да има служби. Мислам не е проблем во службата. Дури службите во моето Министерство го покренуваат тоа надвор од законот преку пратениците, да се формира служба. Службата и на Марс да ја ставите, ако човекот ја врши,ќе ја врши каде и да е. Не е проблем во службите. Проблемот е во непочитувањето на прочистите и во стручноста на луѓето.

Еве ние можеби ќе дојдеме со таква варијанта на закон. Во наредните денови ќе ви дојдат многу други закони, далеку посложени, по моја оценка како човек кој ги познава прописите.

Овој закон, ќе повторам не е сложен. Ние ќе формираме служба од тројца луѓе што ќе ја крстиме Служба и таа тоа ќе го спроведува. Меѓутоа проблемот да го гледаме малку пошироко, финансирањето на оваа дејност. Дали е државата толку богата да може сега се да заштитува и се да плаќа. Не. Ќе си плаќа и тој што го собира плодот, во најголем дел освен кога станува збор за квалитетни штетници и болести и кога ќе стане нешто што е непредвидено. Тогаш државата ќе интервенира. Затоа законот има и основа

Прашањето на стручните служби беа поменувани на два пати и не е коректно да ја премолчам таа работа.

Точни се оценките дека тие служби заради немање на средства да ја извршуваат дејност во поттикнувањето на мерките за новитети, тие се впуштија во администрирање . За нив ќе дојде предлог на закон со кој ќе го решаваме идното нивно функционирање, не во функција на Министерството туку во функција на земјоделците и тие ќе биде постепено одлепувани од буџетот и ќе одат во функција на земјоделците.

VI/6.-

Таквата функција ќе си ја преземат земјоделците и ќе ја плаќаат таа услуга, бидејќи ако не чини така промената ќе оди во правец на тоа, за еден преоден период од пет-шест години, ќе се договориме во Парламентот како ќе оди тој период. Земјоделците ќе ја финансираат таа служба затоа што ќе им треба на нив, а државата ќе ги оспособи со нови луѓе, со помал број се разбира, ефикасно оспособени и опремени и да бидат ефикасни. Но да повторам во иднина ќе ги плаќаат самите земјоделци ако оценат дека таа услуга им е корисна, ако не сами по себе бидејќи тие одат на приватизирање, не ќе можат да постојат на пазарот.

Да завршам со тоа што имаше забелешка околу цените, околу термините.

Ако правиме модерен закон внесуваме нови термини внатре. Држател на растенија е стручно прашање. Огледувач е тој што само на нива ги одгледува а овде зборуваме и за промет. Ако се фати некој во возило со готов производ, не може да се даде термин дека е тој транспортер, па шпедитер, како што знаете. Праксата покажува дека никој не можеме ние да фатиме во услови на тргување со стоки. Тогаш го нарекуваме држател, а дали е тој држател на стоката што ја има. Меѓутоа не инсистирам ние ќе побараме и други термини. Имаше многу сугестии.

Јас ќе се обидам да организирам и стручна расправа по овој закон бидејќи има и прашања кое се на повисоко стручно ниво но јас не сакам да се впуштам во тоа, поготово тука во Парламентот.

Да завршам, ние ќе ги вградиме овие забелешки или добар дел од нив. Меѓутоа, нема да отстапиме од принципот дека модерен закон Европа ама со балкански принципи на работа никако.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот предлагам овде да прекинеме со работа за да имаат можност пратеничките групи да направат консултации, бидејќи како што видовте ја закажавме Седумдесет и третата седница за 17,00 часот, па по исцрпувањето на дневниот ред од оваа седница, ќе продолжиме со оваа точка, бидејќи ни остана уште една точка од дневниот ред.

Предлагам до 17,00 часот пауза, а во 17,00 часот ќе продолжиме со работа по Седумдесет и третата седница, а по завршувањето на 73-та сеница ќе ја апсолвираме и последната точка од оваа седница - Информацијата за откупот на пченицата.

(Седницата прекина со работа во 15,00 часот)